Република Северна Македонија Republika e Maqedonisë së Veriut

Administrative.Procedurë

në Shkallë të Dytë

| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
|---|---|---|---|
| 1005 | 1103/1 | | |

Арх. знак/Shenja ark vore ______

Рок на чување Afati i ruajtjes ______

______ 20 __ год./Viti

Потпис/Nënshkrimi

**До:** **Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен**

27.6.'25 **(имател на информацијата)**

**БАРАЊЕ**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: **Д-р [redacted]**

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Барање за информации од јавен карактер се однесуваат на прашањето:

Лицето [redacted] својство на жалител на ден 16.01.2025 година до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен поднесе Жалба против Министерство за Правда на РСМ согласно член 104,105 и 110 од Закон за општа управна постапка против Решение Бр. 08-77/1-2025 на Министерството за Правда на РСМ. Затоа со ова барање бараме да веднаш да бидеме информирани дали по жалбата е постапено во соодветен законски рок од 60 дена од денот на поднесувањето, ако сеуште не е постапено поради кои причини тоа сеуште не е сторен, воедно ако е постапено што и како е превземено?

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во 21.03.2025 , година .**

[redacted]

Скопје

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор втор степен**

17.07 2025

**Архивски број:** 1005-1103/2

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РМ“ бр.101/19), а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен го донесе следното

## РЕШЕНИЕ
### за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер

1. Барањето за пристап од информации од јавен карактер поднесено по електронски од [redacted] преку [redacted] СЕ УВАЖУВА.
2. Бараната информација ќе биде доставена на начин како што е наведено во самото Барање.

### Образложение

На ден 27.06.2025 година до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] преку [redacted]. Во самото барање е наведено дека Барањето од јавен карактер се однесува на следново прашање:

Лицето [redacted] преку полномошник [redacted] од Скопје, својство на жалител на ден 16.01.2025 година до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен поднесе жалба против Министерство за правда на РСМ – согласно член 104,105 и 110 од Закон за општа управна постапка против Решение бр.08-77/1-2025 на Министерство за правда на РСМ. Затоа со оваа постапка подносителите бараат веднаш да бидат информирани дали по жалбата е постапено по соодветен законски рок од 60 дена од денот на поднесувањето , а ако се уште не е сторен, воедно ако е постапено што и како е превземено.

Начинот на кој барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација е увид, препис, фотокопија и електронски запис, а начинот на доставување на информацијата е по пошта, телефон и е-маил.


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk

Постапувајќи по Барањето, Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен донесе одлука со која Барањето за пристап до информации од јавен карактер се уважува.

По добивање на Барањето, Државната комисија изврши проверка во архивата и писарницата и утврди дека на ден 21.01.2025 година од страна на лицето [redacted] од Скопје преку полномошник [redacted] е доставена жалба против Решение 08-77/1-2025 на Министерство за правда и истата е заведена под број 1105-208.

Државната комисија се уште нема постапено по жалбата поднесена од лицето [redacted] поради тоа што се уште не се доставени списите по предметот.

Со оглед на тоа што се работи за жалба која е непосредно доставена, Државната комисија со барање за доставување списи се обрати до првостепен орган. Поради ненамерен пропуст, наместо до Министерство за правда, Државната комисија се обрати до Министерство за образование и наука. Заради направениот пропуст се преземени соодветни мерки кон административиот службеник кој го направил пропустот.

Државната комисија на ден 15.07.2025 година со Барање за доставување на списите кон предметот, се обрати до Министерство за правда. Откако од страна на првостепениот орган ќе биде постапено по нашето барање, Државната комисија ќе донесе соодветна одлука по изјавената жалба.

Притоа, начинот на кој бараелот ќе се запознае со бараната информација е наведен во самото барање. Во прилог на ова Решение на барателот ќе му биде доставен препис од следниве списи:

- Административно писмо за доставување списи број 1105-207-216 од 04.02.2025 година и
- Барање до Министерство за правда број 1105-208/25 од 15.07.2025 година.

Воедно, на барателот ќе му биде овозможен увид во предметот со наш број 1105-208, за што е потребно да го контактира имателот на информацијата за договарање на датумот и часот на вршење на увидот.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на решението.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Претседател**
**Илче Мушаревски**

Изготвил: Наталија С.Филипова

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

17.07 2025 година

Архивски број: 1005-1103/3

До: [redacted]

Предмет: Известување

Почитуван,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер кое Вие како полномошник на [redacted] сте го доставиле до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор, во прилог Ви доставуваме примерок од Решението на Државната комисија.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

Прилог: Решение број 1005-1103/2

Изготвил:Наталија С.Филипова


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk